***Врз основа на член 13 и 14 од Законот за ветеринарно здравство (Службен весник на Република Македонија бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) и член 71 и член 28, став 1, алинеа 1 од Статутот на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија, Собранието на Ветеринарна комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на 03.06.2022 година го усвои следниот***

# С Т А Т У Т

## НА ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

***Член 1***

Ветеринарната комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората) е професионална, независна, стручна организација на докторите по ветеринарна медицина која ги штити и унапредува научните, професионалните и економските и социјалните интереси на своите членови.

Комората се грижи за квалитетот на работата на своите членови и за угледот и професионалните интереси на ветеринарната медицина. Им помага на своите членови во нивната професионална работа, ја поттикнува нивната меѓусебна соработка и соработката со Комора и се труди да спречи несогласување и спорови. Во случај на несогласување и спорови, Комората првенствено се залага овие спорови да се решаваат вонсудски, на мирен и достоинствен начин.

Комората се грижи за високата професионална квалификација и етика на докторите по ветеринарна медицина, угледот и честа на ветеринарната професија, обезбедување континуиран професионален развој на ветеринарите, остварување на правата на ветеринарите и професионалниот и безбеден третман на пациентите.

Комората внимателно управува со своите средства и постапува така што и другите субјекти од областа на ветеринарната медицина и во врска со неа ги насочува кон поефикасно и поекономично управување со финансиските средства, или другите средства.

Комората обезбедува заштита на личните податоци на своите членови и на други лица во согласност со законот и овој Статут.

Комората во извршувањето на своите задачи во согласност со целите и начелата од овој член доследно ќе ги почитува и ќе обрнува внимание на правните (статутарни), етички и професионални принципи и правила кои овозможуваат, промовираат и обезбедуваат квалитетна работа на Комората и нејзините членови.

***Член 2***

Со овој Статут се уредуваат организационата поставеност, задачите и работењето на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија, начинот и средствата за дејствување, членството, органите на управување, начинот на избор и отповикување, мандатот, одлучувањето и одговорноста на органите, застапувањето и претставувањето, изворите на средства, нивното трошење и контрола и други прашања.

***Член 3***

Комората се основа согласно закон и има својство на правно лице.

***Член 4***

Комората ја претставува и ја застапува претседателот, потпретседателот и извршниот директор , согласно одредбите од овој Статут.

***Член 5***

Комората самостојно одлучува за соработка со слични асоцијации.

Комората соработува со слични меѓународни организации како набљудувач, или како полноправен член.

## II. ИМЕ, СЕДИШТЕ И ПОДРАЧЈЕ НА ДЕЛУВАЊЕ

***Член 6***

Ветеринарна Комора на Република Северна Македонија.

Името на комората гласи: Ветеринарна комора на Република Северна Македонија

Скратениот назив гласи: ВКМ

***Член 7***

Комората делува на целото подрачје на Република Северна Македонија.

***Член 8***

Седиште на комората се наоѓа во Скопје на ул. „16-та Македонска Бригада„ бр.2-3 .

***Член 9***

Логото на Комората е со форма на заоблен недовршен квадрат кој содржи три триаголници што ги образуваат латиничните букви V и M, на средниот триаголник е позиционирана Ескулаповата змија, а логото е довршено со кратенката ВКМ. Логото е дефинирано со две бои: сина (C97 M63 Y23 K0 ) и сива (C0 M0 Y0 K37) и соодветно Pantone 2945U и Pantone Cool gray 5 U

Печатот на комората е со кружна форма на чија внатрешна страна полукружно е напишано „Ветеринарна комора на Република Северна Македонија“ на македонски јазик и на албански јазик. Во центарот на печатот е поставено логото на комората.

***Член 10***

Одлука за промена на називот, седиштето, подрачјето на дејствување, начинот на употреба на штембилот и печатот донесува орган одреден со овој Статут.

## III. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

***Член 11***

Целта на Комората е да ги штити и застапува стручните, економските интереси и професионалната чест на своите членови и да се грижи за исполнување на професионалните обврски. Врз основа на Законот и Статутот ги извршува следниве задачи:

1) води регистар на членовите на Комората;
2) на членовите им издава, продолжува и одзема лиценца за работа;
3) го контролира и следи работењето на докторите по ветеринарна медицина;
4) утврдува Кодекс на професионалните етички должности и права и го следи неговото спроведување од страна на нејзините членови;

5) формира Суд на честа, кој разгледува и одлучува за повредите на Кодексот од страна на членовите на Комората и води дисциплинска постапка;

6) планира и организира курсеви за унапредување на професионалните способности, научните знаења и експертиза за актуелни и значајни прашања од ветеринарен интерес;

7) ги утврдува најниските цени на ветеринарните услуги, освен за услугите кои се од јавен интерес;

8) по барање на Агенцијата за храна и ветеринарство (во натамошниот текст: Агенцијата), дава мислење и предлози при процесот на донесување акти со кои се регулираат прашањата, условите и начинот на вршење на ветеринарната дејност;

9) печати и дистрибуира обрасци на документи за спроведување на активности од јавен интерес и води евиденција за истите;

10) донесува Статут на Комората;

11) ја поттикнува соработката, води постапка на помирување при етичките спорови помеѓу членовите на Комората;

12) обезбедува правна и професионална помош на своите членови;

13) иницира покренување на постапка кај надлежните органи против лицата кои неовластено вршат ветеринарна дејност;

14) им помага на докторите на ветеринарна медицина при барањето на работа;

15) организира и извршува издавачка и информативна дејност;

16) врши други работи и активности врз основа на јавните овластувања утврдени со Законот за ветеринарно здравство, другите закони и со Статутот на Комората.

17) Работите од ставот 1, алинеа, 1, 2, 3 и 9 од овој член, Комората ги врши како јавно овластување.

18) Против одлуките и мерките на Комората за извршувањето на јавните овластувања, незадоволните страни можат да поднесат приговор до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

***Член 12***

Комората функционира во струковни одбори, како основни организациони единици.

Одборите имаат правилници со кои се утврдува делокругот и начинот на нивната работа.

Деловникот за работа го донесува собирот на докторите по ветеринарна медицина во одборите.

## IV. ЧЛЕНСТВО, ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

***Член 13***

Членството во Комората може да биде задолжително, факултативно и почесно.

Членувањето во Комората е задолжително за сите лица кои работат како доктори по ветеринарна медицина во Република Северна Македонија.

Факултативен член на Комората може да биде секој доктор по ветеринарна медицина , кој не извршува ветеринарна дејност во потесна смисла, пензионер и друго.

Почесен член на ВКМ може да биде секој граѓанин на Република Северна Македонија, како и странски државјанин, кој придонел за ветеринарната професија, или за научната област на ветеринарната медицина, или на друг начин придонел за работата на Комората.

Почесните членови на Комората ги избира Собранието на предлог од Извршниот одбор.

Членството во Комората поблиску се регулира со Правилник.

***Член 14***

Статусот член на Комората се стекнува со запишување во Регистарот на членови на Комората .

Условите за членство во Комората се:

- завршен факултет по ветеринарна медицина
- да е државјанин на Република Северна Македонија

***Член 15***

При изборот на членови на органите и телата на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија ќе се води сметка за соодветна застапеност на националностите.

***Член 16***

Во остварувањето на целите и задачите на Комората, членовите на Комората ги остваруваат своите права, обврски и одговорности на начин утврден со закон и со овој Статут.

***Член 17***

Обврски на членовите на Комората се:

- да ги спроведуваат одлуките на органите на Комората, да го почитуваат кодексот и статутарните одредби;
- да се придржуваат на утврдените минимални цени за ветеринарните услуги;
- да даваат потребни податоци за водење на евиденцијата и пријавуваат нивна промена во рок од 15 дена;
- да ги задоволуваат критериумите на стручна оспособеност;
- редовно да плаќаат членарина; и
- да присуствуваат на  стручните средби , семинари и други облици на стручно усовршување.

***Член 18***

Права на членовите на Комората се:

- да учествуваат во работата на Комората;
- да бираат и бидат бирани во сите органи на Комората;
- да бидат целосно информирани за работата на Комората;
- да изнесуваат свои мислења и иницираат донесување на одлуки во органите и телата на Комората;
- пред одборите на Комората да ги изнесуваат меѓусебните спорови и случаи на повреда на етичките норми;
- да учествуваат во организирањето на стручни средби, семинари и други облици на стручно усовршување што ги организира  Комората;
- други права кои произлегуваат од актите на Комората.

*Член 19*

На докторот по ветеринарна медицина ќе му престане членството во Комората:

1) со смрт на членот на Комората
2) по сопствено барање
3) не ги исполнува обврските утврдени со овој Статут и
4) во други ситуации пропишани со закон.

## V. ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА НА КОМОРАТА

### 1. Водење на регистар на членовите на комората

*Член 20*

Докторите по ветеринарна медицина кои се членови на Ветеринарната комора задолжително мора да бидат впишани во Регистарот на доктори по ветеринарна медицина на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија.

Докторот по ветеринарна медицина е должен да поднесе барање за запишување во Регистарот на членови на Ветеринарната комора.

Со барањето е потребно да се достави доказ за исполнување на условите пропишани со Законот за ветеринарно здравство и овој Статут.

Регистарот на членовите на Комората се води на два начина и тоа во писмена форма, како книга за регистар на членови и во електронска форма.

Регистарот и личните досиеа на докторите по ветеринарна медицина го води стручно-административната служба на Комората, а го надгледува комисија формирана од Извршниот одбор.

Податоците од Регистарот се заштитени согласно законите со кои се уредува заштита на лични податоци.

**2. Издавање, продолжување и одземање на лиценца за работа**

**а. Издавање на лиценца за работа на членови на Комората**

***Член 21***

Ветеринарна дејност во Република Северна Македонија може да врши доктор по ветеринарна медицина со лиценца за работа издадена од Ветеринарната комора на Република Северна Македонија.

Лиценцата за вршење на ветеринарната дејност е јавна исправа и се издава во форма на потврда и легитимација .

Носителот на легитимацијата е обврзан при вршење на ветеринарната дејност истата да ја носи и да ја покаже на барање на странката, односно примателот на услуга.

Ветеринарната комора на Република Северна Македонија ја издава лиценцата за работа врз основа на писмено барање поднесено од докторот по ветеринарна медицина во врематраење од 5 (пет) години.

Лиценцата за работа за вршење на ветеринарна дејност се добива под следниве услови:

- ако завршил Факултет за ветеринарна медицина и се стекнал со звањето доктор по ветеринарна медицина;
- покрај условите од законот, докторот по ветеринарна медицина треба да поседува и потврда за завршен приправнички стаж со времетраење од 6 месеци под менторство на доктор по ветеринарна медицина кој е овластен од страна на Комората.

Овластувањето од претходниот став го исполнуваат докторите по ветеринарна медицина, кои покрај условите за добивање на лиценца ги исполнуваат и условите кои ќе бидат пропишани со посебен правилник.

Одобрувањето на докторот по ветеринарна медицина за менторство ќе биде регулирано од посебна комисија формирана од Извршниот одбор на Комората.

Комората, врз основа на мислењето на Стручниот одбор ја издава лиценцата за работа најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

Комората ги впишува издадените лиценци за работа во Регистарот на издадени лиценци.

**б. Продолжување на лиценцата за работа**

***Член 22***

Докторот по ветеринарна медицина поднесува барање за продолжување на лиценцата за работа не подоцна од 90 дена пред денот на истекот на рокот на важноста на лиценцата до Комората.

Кон барањето за продолжување на лиценцата за работа докторот по ветеринарна медицина доставува и доказ за исполнување на следните услови:

- има соодветен број на бодови добиени преку континуирана едукација на докторите по ветеринарна медицина
- да нема забрана за вршење на дејноста
- да ги исполнува другите услови согласно Статутот.

Доктор по ветеринарна медицина, кој од различни причини има прекин во континуитетот на траењето на лиценцата за работа има право истата да ја обнови согласно условите пропишани со Правилник.

**в. Одземање на лиценца за работа**

***Член 23***

Судот на честа на Комората може на докторот по ветеринарна медицина привремено да му ја одземе лиценцата за работа, но не подолго од 6 месеци ако во постапка е утврдена и докажана повреда на Статутот, Кодексот на професионалните етички должности и права и другите правила.

Во најтешките случаеви на кршење на Статутот, Кодексот и другите правила заедно со докажани кривични дела, Судот на честа може да му ја одземе лиценцата за работа на подолг временски рок, или трајно.

На докторот по ветеринарна медицина престанува да му важи лиценцата за работа:

- ако лично се откаже од вршење на ветеринарната дејност,
- поради непродолжување на лиценцата за работа,
- ако се утврди дека повеќе не ги исполнува условите пропишани со закон
- ако е исклучен од членство во Комората.

Престанокот на правата за обавување на ветеринарната дејност ги одредува Извршниот одбор.

По конечноста на решението за одземање на лиценца за работа, за решението се известуваат Агенцијата за храна и ветеринарство и установата во која докторот по ветеринарна медицина е вработен.

На решението од Судот на честа странката има право на приговор до Агенцијата во рок од 15 дена.

Решението за одземање на лиценцата се запишува во Регистарот и се објавува во гласилото на Комората.

Агенцијата дава согласност за одредбите од Статутот со кои се уредува издавањето, продолжувањето и одземањето на лиценцата за работа.

## 3. Контрола и следење на работата на докторите по ветеринарна медицина

### *Член 24*

Контролата и следењето на работата на докторите по ветеринарна медицина го врши комисијата за стручен надзор согласно програмата за работа.

Стручниот надзор може да биде редовен и вонреден.

Редовната контрола се врши најмалку еднаш на три години, а вонредната се врши по барање на Агенцијата , или по писмена пртставка од странка.

Контролата и следењето на работата на докторите по ветеринарна медицина опфаќа:

- надгледување на работата на докторите по ветеринарна медицина при примена на признатите методи и достигнувања во ветеринарната медицина
- примена на Кодексот
- контрола врз примената на етичките и деонтолошките принципи
- контрола на квалитетот на давање на ветеринарните услуги и работа на докторите по ветеринарна медицина со преземање на соодветни мерки на основа на извршениот надзор, како и советување за нивна примена.

Надзорот го спроведува комисија составена од 3 членови , кој ги избира Извршниот одбор на Комората на предлог на Стручниот одбор.

Претседателот на Комората може самостојно да именува членови на комисијата ако има вонреден надзор за секој поединечен случај.

Ако помеѓу членовите на комисијата се појави судир на интереси во постапката по која одлучуваат, согласно законот за парнична постапка , претседателот може да именува други членови за секој случај поединечно.

Член на комисијата за стручен надзор мора да ги исполнува следните услови:

- да поседува лиценца за работа
- за вршење на надзор од полето на клиничка ветеринарна пракса на докторите по ветеринарна медицина мора да има најмалку 10 годишно работно искуство од областа на ветерината пракса
- за вршење на надзор врз работата на докторите по ветеринарна медицина, кои работат во другите области на ветеринарната професија членот од комисијата за надзор мора да има најмалку 5 годишно работно искуство во соодветната област.

Редовниот надзор се извршува еднаш во три години врз основа на тригодишниот план.

Тригодишниот план го носи Извршниот одбор на Комората најдоцна до 31 декември од завршната година за следната година на предлог на претседателот на Комората.

Усвоениот план Комората го објавува веднаш по донесувањето.

Агенцијата дава согласност за одредбите од Статутот со кои се уредува контрола и следење на работата на докторите по ветеринарна медицина.

## VI. ОРГАНИ НА КОМОРАТА

***Член 25***

Органи на Комората се:

- Собрание на Комората;
- Претседател на Комората, кој воедно е и претседател на Извршниот одбор;
- Потпретседател
- Извршен одбор;
- Надзорен одбор и
- Извршен директор.

Покрај овие органи Комората формира:

- Стручен одбор;
- Суд на честа;
- Изборна комисија.

***Член 26***

Мандатот на членовите на сите органи на Комората трае четири години од денот на изборот.

Избраните членови на органите на Комората ја извршуваат својата функција и по истекот на мандатот врз основа на посебна одлука на Собранието на Комората, се додека не се изберат нови.

***Член 27***

На член на сите органи на Комората  мандатот предвреме му престанува во случај на губење на членството во Комората, оставка, отповикување, или разрешување.

## VII. СОБРАНИЕ НА КОМОРАТА

***Член 28***

Собранието е највисок орган на Комората.

Собранието го сочинуваат ( врз основа на бројот на доктори по ветеринарна медицина ) делегати избрани на непосредни и тајни избори од четирите одбори. Членовите на Собранието се избираат по принципот на секои петнаесет доктори по еден делегат.

***Член 29***

Собранието на Комората ги утврдува и се грижи за остварување на задачите, кои произлегуваат од овој Статут и од Законот за ветеринарното здравство.

**Собранието донесува:**

- Статут на Комората;
- Кодекс на професионалните етички должности и права и деонтолошки и етолошки односи;
- Правилници во врска со јавните овластувања на Комората, по претходно добиена согласност од Агенцијата.

- Правилник за избор и отповикување на членови во органите на Комората;
- Правилник за работа на Судот на честа;
- Дисциплинско-етички правилник;
- Годишна програмата за работа на Комората;
- Годишен финансиски план и го прифака извештајот за завршната сметка;
- Деловник за работа на Собранието;
- Го усвојува извештајот за работата на претседателот и другите органи на Комората.

**Собранието избира:**

- Претседател;
- Потпреседател;
- Извршен одбор;
- Суд на честа;
- Надзорен одбор;
- Стручен одбор
- Изборна комисија

**Собранието се грижи:**

- за контуиниран и постојан развој на ветеринарната дејност;
- за прашања кои се однесуваат на положбата на докторите по ветеринарна медицина во општеството;
- за подобрување на материјалните услови на докторите по ветеринарна медицина;

**Собранието одлучува:**

- за соработка на Комората со други сродни организации, асоцијации и здруженија;
- за членување во меѓународни организации;
- за ставови, заклучоци и препораки за актуелни прашања кои ги решаваат одборите;
- за висината на членскиот влог;

- за висина на надоместокот за лиценца по претходно одобрување од Агенцијата;
- за основање на стручни секции;
- за престанок на работа на Комората;
- расправа и донесува заклучоци за сите други прашања од делокругот на работата на Собранието.

***Член 30***

Собранието заседава по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието свикува претседателот по сопствена иницијатива, по барање на Извршниот одбор, или на најмалку една третина од членовите на Собранието.

Претседателот е должен да го свика Собранието најдоцна 14 дена по добивање на барањето, а ако тоа не го стори, Собранието можат да го свикаат предлагачите.

***Член 31***

Поканата за свикување на Собрание мора да биде врачена на членовите најмалку 7 дена пред седницата.

Во поканата треба да биде назначено местото, денот, часот и дневниот ред на седницата.

Доколку се работи за итна и неодложна ситуација Претседателот може да свика итна вонредна седница на Собранието.

За мериторно работење и одлучување на Собранието потребно е да присуствува просто мнозинство на членовите на Собранието.

Начинот на работа се утврдува со деловник на Собранието.

За работата на Собранието се води записник кој се чува како документ со трајна вредност.

***Член 32***

Собранието ги избира и ги разрешува претседателот и потпреседателот со мнозинство гласови од членовите на Собранието. Начинот на гласање е тајно гласање доколку Собранието не одлучи поинаку.

Начинот и постапките при кандидирање и гласањето за претседател, потпреседател и за членовите на телата и органите на Комората поблиску се пропишува со Правилник.

## VIII. ИЗВРШЕН ОДБОР НА КОМОРАТА

***Член 33***

Извршниот одбор е оперативно тело кое управува со работите на Комората. Извршниот одбор ги извршува задачите на Комората помеѓу две седници на Собранието ,врз основа на деловникот и овој Статут.

Претседателот на Комората е претседател и на Извршниот одбор.

Извршниот одбор брои 10 (десет) члена, од кои покрај претседателот, потпредседателот на Комората го сочинуваат и четирите претседатели на струковните одборите на Комората, како и потпретседателите на Одборот на практичари од секцијата за мала и голема пракса, претседателот на Стручниот одбор и Извршниот директор на Комората, кој е член без право на одлучување.

***Член 34***

Извршниот одбор на Комората:

- подготвува материјали за седници на Собранието;
- ги спроведува заклучоците и препораките на Собранието;
- расправа и заклучува за прашања кои се значајни за ветеринарната дејност;
- расправа за заклучоците и донесува заклучоци според извештаите од одборите на Комората;
- ги верификува одлуките од Стручниот одбор;
- има право да смени член на Стручниот одбор;
- ја усогласува работата на одборите и другите тела на Комората;
- подготвува предлог-статутот, кодекс и други акти на Комората;
- одлучува по жалбите на одлуките на Судот на честа како второстепен орган;
- го изработува предлог годишниот план за работа на Комората, предлог финансискиот план и предлог завршната сметка;
- ги утврдува минималните цени на ветеринарните услуги;
- го води финансиското и материјалното работење и управува со средствата на Комората;

- именува Извршен директор на Комората
- донесува општи акти потребни за работа на стручно-административната служба на Комората;
- по потреба избира и разрешува постојани, или привремени комисии
- именува и разрешува членови на редакцискиот одбор на коморскиот билтен
- расправа за прашања од областа на меѓународните активности на Комората

***Член 35***

Седницата на Извршниот одбор ја свикува Претседателот на Комората.

Извршниот одбор може да заседава ако се присутни најмалку половината од неговите членови.

Одлуката е донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните.

Претседателот е должен да свика седница на Извршниот одбор ако од него тоа го побараат најмалку една половина од неговите членови.

За својата работа Извршниот одбор одговара пред Собранието на Комората.

Работата на Извршниот одбор се утврдува со деловник.

Одлуките на Извршниот одбор ги потпишува претседателот, или од него овластен член од Извршниот одбор.

За работата на Извршниот одбор се води записник.

## IX. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА

***Член 36***

Кандидат за претседател и потпреседател може да биде секој член на Комората кој покрај изјава за кандидатура ќе приложи и писмена поддршка од 20 членови на Комората. Мандатот на претседател и потпретседател на Комората е четири години, со можност за еден последователен реизбор.

***Член 37***

Претседателот ја претставува и ја застапува Комората во земјата и надвор од неа

- ја свикува и води седницата на Собранието на Комората;
- ги спроведува одлуките на Собранието;

- ги спроведува заклучоците на Извршниот одбор;

- ги води седниците на Извршниот одбор на Комората;

- ја координира работата на останатите органи на Комората;

- ги потпишува актите на Комората донесени од Собранието и Извршниот одбор.

Претседателот за својата работа е одговорен пред Собранието на Комората, пред кого еднаш годишно поднесува извештај.

Функцијата претседател не е компатибилна со раководни функции во другите органи на Комората.

***Член 38***

Потпретседателот во согласност со овој Статут и други акти на Комората и на начин и обем што ќе го определи претседателот на Комората ќе му помага на претседателот во неговата работа. Потпретседателот го заменува претседателот во негово отсуство, во случај на трајна спреченост, или оставка на претседателот и ги има истите овластувања, права и должности, како и претседателот на Комората.

За својата работа потпретседателот одговара пред Собранието на Комората.

Функцијата потпретседател не е компатибилна со раководни функции во другите органи на Комората.

***Член 39***

На барање на Извршниот одбор, Надзорниот одбор, или една третина на членовите на Собранието, Собранието гласа за разрешување на претседателот и потпретседателот пред истекот на времето за кое е избран.

## X. СУД НА ЧЕСТА

***Член 40***

Судот на честа е независен и самостоен орган на Комората, кој разгледува и одлучува за одговорноста на докторите по ветеринарна медицина во случај на кршење на правилата на Кодексот на ветеринарната етика, односно одредбите

на овој Статут, другите акти на Комората и правилата на ветеринарната професија и донесува соодветни санкции, или мерки.

Членовите на Извршниот одбор не можат да бидат членови на Судот на честа.

Судот на честа се состои од  пет членови , кои меѓу себе избираат претседател на првата конститутивна седница.

***Член 41***

Никој не може да биде повикан пред Судот на честа поради политички ,или стручни погледи.

***Член 42***

Судот на честа работи во согласност со одредбите на

- Правилникот за работа на Судот на честа
- Дисциплинско-етичкиот правилник

Судот на честа одлучува со мнозинство на гласови, а своите одлуки ги донесува во писмена форма.

***Член 43***

Постапка на утврдување на одговорност се покренува по писмен предлог на обвинителот на Комората.

***Член 44***

За повредите утврдени според овој Статут и другите акти на Комората, Судот на честа може да изрече

- опомена
- парична казна
- времено одземање на лиценцата за работа
- трајно одземање на лиценцата за работа

За случаите на времено, или трајно одземање на лиценцата  Судот на честа  ја известува Агенцијата.

*Член 45*

Кога Судот на честа одлучува во првостепена постапка, лицето против кое се води постапката може против неговата одлука да поднесе жалба во рок од 15 дена до Извршниот одбор на Комората.

Извршниот одбор на Комората може да ја потврди одлуката на Судот на честа ,или да ја усвои жалбата и да го врати предметот до Судот на честа за повторно разгледување, доколку утврди неправилности во спроведената постапка и примена на материјалниот пропис.

Против второстепената одлука незадоволната страна има право на приговор до Агенцијата .

*Член 46*

Судот на честа за својата работа го известува Собранието на Комората.

Во поглед на постапката пред Судот на честа, одредбите од прописите за кривична постапка се применуваат на одреден начин.

**ОБВИНИТЕЛ НА КОМОРАТА**

*Член 47*

Обвинителот е самостоен орган на Комората и негова должност, право и обврска е да се грижи за почитувањето на Кодексот на професионалните етички должности и права и деонтолошки и етолошки односи, Статутот на Комората и прописите при вршење на ветеринарната дејност.

Функцијата обвинител не е компатибилна со вршењето на функција во другите органи на Комората.

*Член 48*

Обвинителот го избира Собранието на Комората и тој е независен во својата работа.

Обвинителот на Комората мора да биде доктор по ветеринарна медицина, а има и двајца заменици кои ги именува Собранието.

Мандатот им трае четири години.

***Член 49***

Обвинителот на Комората:

- донесува одлука за покренување постапка пред Судот на честа;
- по основ на пријава на член на Комората, или друг субјект ,поднесува и застапува предлог за утврдување на кршењето на правилата на Комората, Кодексот и прописите при вршењето на ветеринарната дејност;
- предлага престанување на постапката;
- овластен е за поднесување на жалби и за покренување на одредена судска постапка.

Замениците на обвинителот му помагаат на обвинителот во неговата работа , меѓусебно се информираат за сите прашања, или факти и дејствија од делокругот на нивните надлежности и задачи и ја координираат својата работа . Во случај на несогласување, ќе преовладува одлуката на обвинителот.

**БРАНИТЕЛ НА КОМОРАТА**

***Член 50***

Бранителот на Комората ги застапува интересите на лицето против кое е покрената постапката по службена должност пред Судот на честа.

Бранител на Комората коже да биде секој член кој ќе го одбере лицето против кое е покрената постапката.

Бранителот може да го одреди и извршниот одбор на Комората.

На истиот начин на бранителот може да му се назначии заменик.

## XI. НАДЗОРЕН ОДБОР

***Член 51***

Надзорниот одбор брои три члена кои ги избира Собранието на Комората.

Членовите на надзорниот одбор избираат председател од својот состав.

Мандатот на членовите на одборот трае четири години.

Надзорниот одбор непосредно е одговорен пред Собранието. Најмалку еднаш годишно на Собранието му поднесува извештај за финансиското работење на Комората.

***Член 52***

Надзорниот одбор:

- ја надгледува законитоста и целисходноста на активностите на Комората, вклучувајќи го и материјално-финансиското работење на Комората;
- ги надгледува книгите и актите кои се однесуваат на материјалната добивка и имотот на Комората и
- врши и други контроли според одлуката на Собранието.

Доколку Надзорниот одбор утврди неправилности во материјалното , или финансиското работење на Комората веднаш ќе поднесе извештај до претседателот на Комората и до Собранието на Комората и ќе предложи мерки и рокови за отстранување на неправилностите.

Надзорен одбор еднаш годишно на Собранието на Комората поднесува писмен извештај за својата работа.

## XII. СТРУЧЕН ОДБОР

***Член 53***

Стручниот одбор има 11 (единаесет) члена од кои 6 члена се избираат од струковниот одбор на ветеринарните практичари, водејќи сметка да има најмалку еден претставник од секцијата за мала пракса, 3 члена се избираат од Одборот на докторите по ветеринарна медицина вработени во научно-образовните институции, 1 член се избира од Одборот на вработените во фармацијата и 1 член представник на Агенција .

Членовите на Стручниот одбор ги избира Собранието на Комората, освен представникот на Агенцијата . Тие помеѓу себе бираат претседател на Одборот.

Со цел унапредување на професионалните способности и научни знаења Стручен одбор предлага, ја организира и ја поттикнува континуираната едукација на членството.

Одборот ја следи и ја надгледува едукацијата и ја организира проверката на знаењето на членовите на Комората кои нема да успеат да ги исполнат условите за продолжување на лиценца за работа.

Со цел успешно извршување на задачите, Стручниот одбор соработува со компетентни институции и поединци од земјата и од странство. Одборот подготвува програма која ја усвојува Собранието и се грижи за негова реализација.

Одборот донесува Деловник за работа.

***Член 54***

Стручниот одбор

- Врз основа на Правилник ја спроведува постапката за издавање и продолжување на лиценца за работа и предлага на усвојување на Извршниот одбор.
- Го планира и програмира стручното усовршување на докторите по ветеринарна медицина врз основа на Правилник, а во рамките на овластувањата врши акредитација на разни форми на континуирана едукација.
- Врши валоризација на континуираната едукација и ја вреднува врз основа на документите предадени од докторите по ветеринарна медицина во процесот на продолжување на лиценца за работа.
- Изработува стандарди и процедури за вршење на ветеринарната дејност и примена на кодексот на добра ветеринарна пракса.
- Има советодавна улога во процесот на донесување на наставните планови и програми на факултетите и средните стручни училишта.
- Извршува и други задачи кои ќе му ги довери Собранието.

За својата работа Одборот е одговорен пред Собранието и еднаш годишно поднесува писмен извештај.

## XIII. ИЗБОРНА КОМИСИЈА

***Член 55***

Комисијата за избори има 5 членови, избрани од Собранието, кои меѓу себе бираат претседател и нејзиниот мандат трае до крајот на наредното изборно собрание.

Согласно Правилникот за спроведување на изборите ги прима кандидатурите, ги припрема, надзира и оценува изборите во Одборите и Собранието на Комората, ги објавува резултатите и решава по однос на добиените приговори .

Комисијата е непосредно одговорна само на Собранието.

## XIV – ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

***Член 56***

Извршниот директор ја спроведува програмата и насоките на делување на Комората.

Извршниот директор управува со Стручно-административната служба на Комората и врши оперативни и извршни работи за Комората.

Тој се грижи и е одговорен за финансиското работење на Комората, за кадровската политика и непречено работење и организација на Стручно-административната служба на Комората.

Извршниот директор учествува во работата на органите и телата на Комората, помага во спроведување на одлуките и решенијата на телата и органите на Комората, му помага на претседателот во координацијата на работата на органите и телата на Комората и постојаните и привремените комисии.

Извршниот директор е член на Извршниот одбор на Комората без право на одлучување и неговата функција е некомпатибилна со членство во други тела и органи на Комората.

Директорот на Комората подготвува годишен извештај за својата работа пред Собранието на Комората.

Директорот е овластен да ја претставува и застапува Комората пред надлежните државни органи за работи од интерес за спроведувањето на ветеринарната дејност во согласност со одлуките и заклучоците на Извршниот одбор.

Директорот ја претставува и застапува Комората за деловни, материјални и финансиски прашања во согласност со Извршниот одбор на Комората.

Директорот на Комората го именува извршниот одбор на Комората врз основа на јавен конкурс.

Директор на Комората може да биде само лице, кое е доктор по ветеринарна медицина со најмалку десет години работен стаж во струката и раководно искуство.

Своите права и обврски Извршниот директор ги остварува согласно закон, овој Статут, колективен договор и правилник за организација и систематизација на работни места на Комората.

## XV. СТРУКОВНИ ОДБОРИ И СЕКЦИИ НА КОМОРАТА

***Член 57***

Членовите на Комората се обединуваат во 4 (четири) Струковни одбори , врз основа на работењето во посебните сегменти на ветеринарната професија

Целта на работењето на струковните одбори е да се обезбеди квалитетно специјализирано работење на Комората и нејзините членови во одделните области на ветеринарната струка и со тоа да се придонесе за квалитетот на Комората во целина.

### А) ОДБОР НА ВЕТЕРИНАРНАТА ПРАКСА

***Член 58***

Одборот го сочинуваат сите регистрирани доктори по ветеринарна медицина кои работат клиничка ветеринарна пракса. Со цел обединување и застапување на посебните интереси на ветеринарите практичари кои работат голема односно мала пракса во рамки на Одборот се формираат

-секција на ветеринари од големата пракса и

-секција на ветеринари од малата пракса.

***Член 59***

- Одборот се занимава со прашања од делокругот на работата на своите членови
- донесува програма за работа
- за својата работа донесува деловник за работа

***Член 60***

- Претседателството како извршен орган на Одборот го сочинуваат 3 членови , од кои претседател на Одборот и два потпретседатели (координатори на секциите за голема и мала пракса), кои по функција се членови на Извршниот одбор.

- членовите на претседателството ги избираат членовите на Одборот за ветеринарната пракса;
- членовите на претседателството се предлагаат и избираат од редот на докторите по ветеринарна медицина-практичари од ветеринарните друштва;
- Одборот донесува предлози и заклучоци кои се однесуваат на ветеринарната пракса, избира делегати во Собранието на Комората и од него се кандидираат членови за телата и органите на Комората.

Б) ОДБОР НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

***Член 61***

Одборот го сочинуваат сите регистрирани членови на Комората кои работат во државната администрација.

***Член 62***

- Одборот се занимава со прашања од делокругот на работата на своите членови
- донесува програма за работа
- за својата работа донесува деловник за работа.

***Член 63***

- Одборот избира претседателството како извршен орган кој брои 3 членови од кој претседател на Одборот, кој по функција е член на Извршниот одбор и два потпретседатели.
- членовите на претседателството се предлагаат и избираат од редот на докторите по ветеринарна медицина вработени во државната администрација
- Одборот донесува предлози и заклучоци кои се однесуваат на работата на докторите по ветеринарна медицина вработени како државни службеници
- Избира делегати во Собранието на комората и од него се кандидираат членови за телата и органите на Комората.

В) ОДБОР НА ВРАБОТЕНИ ВО НАУЧНО-ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

***Член 64***

Одборот го сочинуваат сите регистрирани доктори по ветеринарна медицина кои работат во научно-образовните институции и средните стручни училишта од ветеринарна насока.

***Член 65***

- Одборот се занимава со прашања од делокругот на работата на своите членови
- донесува програма за работа
- за својата работа донесува деловник за работа

***Член 66***

- Одборот избира претседателство како извршен орган, кој брои 3 членови, од кој претседател на Одборот, кој по функција е член на Извршниот одбор и два потпретседатели.
- членовите на претседателството се предлагаат и избираат од редот на докторите по ветеринарна медицина вработени во научно-образовните институции и средните стручни училишта.
- одборот донесува предлози и заклучоци кои се однесуваат на научно-образивниот дел од областа на ветеринарната медицина, избира делегати во Собранието на Комората и од него се кандидираат членови за телата и органите на Комората

Г) ОДБОР НА ДОКТОРИ НА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВРАБОТЕНИ ВО ФАРМАЦИЈАТА И ИНДУСТРИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ

***Член 67***

Одборот го сочинуваат сите доктори на ветеринарна медицина вработени во фармација и индустриските капацитети.

***Член 68***

- Одборот се занимава со прашања од делокругот на работата на своите членови
- донесува програма за работа
- за својата работа донесува деловник за работа

***Член 69***

- Членовите на одборот бираат претседателство ,како извршен орган, кој брои 3 членови, од кој претседател на Одборот, кој по функција е член на Извршниот одбор и два потпретседатели.

- членовите на претседателството се предлагаат и избираат од редот на доктори на ветеринарна медицина вработени во фармација и индустриските капацитети.
- одборот донесува предлози и заклучоци кои се однесуваат на од областа на својот посебен интерес во ветеринарната медицина, избира делегати во Собранието на Комората и од него се кандидираат членови за телата и органите на Комората.

## XVI. СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

***Член 70***

За вршење на стручни, административно-технички, материјално финансиски, помошни и други работи, Комората има стручно-административна служба.

Директорот има право и должност да вработува вработени во стручно-административната служба на Комората , согласно потребите и финансиските можности на Комората , во согласност со Извршниот одбор на Комората.

Стручно-административната служба на Комората ги извршува следниве задачи:

- води регистар на членовите на Комората
- води регистар за издадени, привремено одземени и одземени лиценци
- ја уредува интернет-презентацијата на Комората и одговорна е за благовремено и точно информирање на членовите за сите активности на Комората.
- извршува материјално-финансиски работи за потребите на Комората.
- врши дистрибуција на печатени материјали
- извршува и други работи доверени од претседателот , извршниот одбор и директорот на Комората

***Член 71***

Секретарот ја координира работата на Стручно -административната служба, одговорен е за административното работење на Комората, ја организира и ја

помага работата на органите на Комората во рамките на добиените овластувања од директорот.

***Член 72***

Делокругот за работа, правата и должностите на стручно-административната служба се утврдуваат со правилник за систематизација и организација на стручно-административната служба на Комората, кој го донесува Извршниот одбор, со закон и колективни договори.

## XVII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА

***Член 73***

Комората ги одредува средствата потребни за работа на Комората со годишен финансиски план, врз основа на предвидените трошоци за извршување на задачите од програмата за работа на Комората, трошоците за работа на органите, работните тела и стручните служби на Комората и други тековни работи.

Финансискиот план го усвојува Собранието на Комората, на предлог на Извршниот одбор.

Ребаланс на финансискиот план донесува Извршниот одбор со дополнително известување на Собранието.

***Член 74***

Финансиското работење на Комората се врши според законот и другите прописи врз основа на законот, со овој Статут и со општите акти на Комората.

***Член 75***

Комората своето материјално-финансиско работење го извршува преку единствена сметка.

Комората формира солидарен фонд со посебна сметка . Намената на средствата , висината на годишниот надоместок , управувањето со средствата се регулира со посебен правилник , кој го усвојува Собранието на Комората.

При учество во проектни активности , наменски за определен проект со одлука на Извршниот одбор се отвора посебна сметка за конкретна проектна активност

***Член 76***

Комората се финансира од:

- членарина;
- приходи од надоместоци за извршените услуги што ги врши Комората;
- приходи од одржување конгреси, симпозиуми и советувања;
- приходи од вршење стручни и научни услуги;
-приходи од продажба на печатени материјали,
- приходи од издавачка дејност
- донации и други форми.

## XVIII. ОПШТИ АКТИ НА КОМОРАТА

***Член 77***

Статутот на ВКМ претставува основен акт и со него мора да бидат усогласени сите акти на Комората.

***Член 78***

Акти на Комората се:

- Статутот на Ветеринарна комора на Република Северна Македонија;
- Кодексот на професионалните етички должности и права и деонтолошките и етолошките односи;
- Правилник за организација и работа на Судот на честа;
- Дисциплинско-етички правилник;
- Правилник за избори и отповикувања на членови во органите на Комората;
- Правилник за стручно усовршување на ветеринарите;
- Правилник за вреднување на континуираната стручна едукација;
- Правилник за лиценца и водење на регистерот на издадени, продолжени и одземени лиценци;
- Правилник за водење на регистерот на членови на Комората;
- Правилник за работа на Стручниот одбор;
- Правилник за надзор;
- Правилник за контрола и следење на работењето на докторите по ветеринарна медицина.

***Член 79***

Иницијатива за донесување, измени и дополнувања на Статут може да предложи Извршниот одбор, Надзорниот одбор или 1/5 од вкупното членство на Комората.

Извршниот одбор именува Комисија за изработка на Статутот, негови измени и дополнувања и го одредува начинот и траењето на јавната расправа.

По јавната расправа, претседателот свикува седница на Собрание на кое се расправа за измените и дополнувањата на Статутот.

## XX. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА КОМОРАТА

***Член 80***

Комората обезбедува јавност во своето работење преку:

- отворени седници на органите на Комората, освен кога е тоа определено со Статутот и други акти на Комората;
- информирање на јавноста и членовите на Комората за својата работа;
- соработка со средствата за јавно информирање.

Комората може да издава свое гласило преку кое обезбедува навремено информирање на своите членови и пошироката јавност, за своите одлуки, ставови, предлозии мислења усвоени на седниците на органите и телата како и за други активности што се од интерес за докторите по ветеринарна медицина.

Комората има веб-страница.

Претседателот, потпретседателот и директорот се овластени да даваат податоци и информации во врска со работата на Комората и нејзините органи.

Лицата од претходниот став не смеат да даваат податоци и информации кои според актите на Комората претставуваат тајна, или со кои би биле нарушени интересите, или угледот на членовите на Комората.

Со посебен акт на Комората се определуваат исправите и податоците што претставуваат тајна и чие соопштување на неовластено лице би било спротивно на интересите на членовите на Комората.

## XXI. ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА КОМОРАТА

***Член 81***

Комората престанува со работа доколку:

- со одлука на Собранието донесена со двотретинско мнозинство
- во  други случаи определени со закон.

***Член 82***

Во случај на престанок на работа на Комората, целокупниот подвижен и неподвижен имот се предава на чување на Агенцијата , сè додека не се пронајде друга форма на организирање, а најдоцна до три години.

По истекот на овој рок средствата му припаѓаат на  Агенцијата.

## XXII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

***Член 83***

За толкување на Статутот овластено е Собранието на Комората.

***Член 84***

Општите акти на Комората ќе бидат усогласени со одредбите на овој  Статут во рок од шест месеци од денот на неговото стапување во сила.

***Член 85***

Со стапувањето на сила на оваа Одлука и донесувањето на пречистениот текст на Статутот, престанува да важи Статутот донесен на 01.06.2019 година.

Бр.02-80/7

Во Охрид, 03.06.2022 год.

Ветеринарна комора на Р. С. Македонија
Претседател
д-р Томислав Николовски